# ДОКУМЕНТ ЗА ЈАВНА ПОЛИТИКА

**Нацрт-верзија**

# Субвенциониран студентски превоз

# ИМПРЕСУМ

**©2024 Форум за образовни промени, European Endowment for Democracy**

**Издавач: ФОП - Форум за образовани промени**

**Автори:**

**Едина Елези**
**Хана Емрулаху**
**Фјола Далипи**
**Софија Радончиќ**
**Ненад Димчевски**

**Уредник: Бленди Ходаи**

**Превод на македонски јазик: Бисера Атанасова**

Овој документ е изработен со поддршка од ***Форумот за образовни промени (ФОП)*** и неговиот извршен директор Бленди Ходаи во рамки на програмата „***КреАктивна академија“ (CreActive Academy)***, која е финансирана од страна на Европскиот фонд за поддршка на демократијата (ЕФД). Содржината на овој документ е под целосна одговорност на авторите и не треба да се смета дека ги одразува ставовите на официјалната политика или положба на Европскиот фонд за поддршка на демократијата.

FECH
Forum for Educational Change

## 1. Извршно резиме

Со растот на трошоците за меѓуопштинскиот автобуски превоз во Северна Македонија, се зголемија и пречките за младите луѓе, особено оние кои се студенти или професионалци во почетните фази на својата кариера. Овој проблем е особено изразен во клучните академски места како **Тетово, Скопје, Штип и Битола,** градови од кои студентите често патуваат секој ден за да одат на предавања. Во просек, за превоз, овие студенти трошат меѓу **400 и 500 денари дневно,** што наметнува доста тежок финансиски товар кој влијае на нивното присуство на предавањата и го оптоварува семејниот буџет. Во академската **2023/2024** година се запишале **52.316 студенти** низ сите универзитети на територијата на Република Северна Македонија. Од оваа бројка, најголемиот универзитет „**Св. Кирил и Методиј“ (УКИМ) во Скопје** примил **25.700 студенти,** од кои **11.812** доаѓаат надвор од Скопје и им се потребни стабилни и пристапни опции за превоз за да можат да посетуваат настава. Овој финансиски товар влијае на нивното присуството на настава и ја потенцира разликата помеѓу младите од урбана и оние од рурална средина, со што им се ограничува еднаквиот пристап до можностите за образование, вработување и културен ангажман.

Како решение на овој проблем, предлагаме воведување на **Субвенциониран студентски превоз** за сите редовни студенти. Оваа иницијатива би овозможила две пристапни опции за превоз, со што би се решил проблемот со нееднаков пристап до образование и би се поттикнал растот на мобилни, ангажирани студенти во сите градови. Овој билет би оперирал во форма на **јавно-приватно партнерство (ЈПП)** помеѓу Владата и приватните автобуски превозници со цел студентите да можат да патуваат низ целата држава по субвенционирани цени.

Со правење на меѓуопштинскиот превоз поевтин и попристапен, Субвенционираниот студентски превоз има за цел да го поддржи

социоекономскиот развој на младината во Северна Македонија - поточно, на редовните студенти - и да поттикне иднина која ќе биде поеднаква за сите.

Овој предлог влече инспирација од **младинската програма за превоз во Словенија[1],** каде што, со сличен модел, успешно се докажа преобразбената моќ на тоа младите да имаат поевтин и попристапен превоз. Оваа програма за мобилност во Словенија е усвоена со Законот за патен транспорт (ZPCP-2)

## 2. Предлог-решение

Иницијативата **Субвенциониран студентски превоз** е осмислена за да го олесни финансискиот товар од меѓуградскиот превоз за **редовните студенти** на универзитетите во Северна Македонија. Оваа програма е наменета, конкретно, за млади лица кои студираат во градови различни од нивното постојано место на живеење, на кои им се потребни достапни и сигурни опции за патување за да можат да посетуваат предавања, да учествуваат во академски активности и да ги исполнуваат универзитетските обврски без да се соочуваат со прекумерни трошоци за превоз.

Субвцениониранииот студентски превоз нуди **две прифатливи опции за билети** прилагодени на потребите за патување на студентите:

1. **Билет за 10 патувања месечно по цена од 1.100 МКД (18 евра),** наменет за студенти кои патуваат поретко.

[1] https://www.studentska-org.si/studentski-kazipot/prevoz/subvencioniran-prevoz/#:~:text=Kdo%20so%20upravi%C4%8Denci%3F,se%20je%20pred%20dopolnjenim%2022

2. **Неограничена месечна карта по цена од 2.150 МКД (35 евра)**, идеална за студенти кои секојдневно патуваат или имаат потреба од чести меѓуградски патувања.

Право на билетот ќе имаат само **редовните студенти** запишани на некоја од акредитираните високообразовни институции кои ќе приложат потврда дека се запишани на некоја од високообразовните институции и кои живеат во друга општина од онаа каде што се наоѓа нивниот универзитет.

Иницијативата ќе се спроведува преку **јавно-приватно партнерство (ЈПП)** помеѓу владата и приватните автобуски компании. Владата ќе ја субвенционира разликата помеѓу фиксната студентска такса и трошоците за превоз, со што ќе се обезбеди финансиска одржливост за автобуските превозници. Програмата ќе им овозможи на студентите да патуваат на која било меѓуградска автобуска релација низ целата држава, независно од операторот, со што ќе се создадат услови за едноставен транспорт.

Со интеграција на **физички картички** и **дигитални пропусници** (компатибилни со ***Apple Wallet*** и ***Google Pay***), ССП ќе обезбеди лесен пристап до превоз за студентите. Дополнително, пропусниците ќе можат месечно да се обновуваат на автобуските станици или преку онлајн платформа, што го прави системот едноставен и прилагодлив на индивидуалните потреби.

Оваа иницијатива ги зема потребите на студентите како свој приоритет. Истовремено поставува и основа за долгорочно проширување кон други младински демографски групи, како што ќе стануваат достапни дополнителни финансиски ресурси.

Во продолжение, табелата[2] ги прикажува **моменталните цени на меѓуградскиот превоз** за различни релации во Северна Македонија. Овие трошоци претставуваат **значителен финансиски товар** за студентите, од кои многумина секојдневно патуваат помеѓу своето место на живеење и универзитетот.

| Релација | Моментална цена (во еден правец) | Месечен билет |
|---|---|---|
| Тетово – Скопје | 200 денари | 5500 денари |
| Гостивар – Скопје | 350 денари | 6000 денари |
| Гостивар – Тетово | 120 денари | 2500 денари |
| Куманово – Скопје | 170 денари | 5000 денари |
| Кичево – Скопје | 500 денари | 5500 денари |
| Битола – Прилеп/Ресен | 200 денари | / |
| Битола – Скопје | 600 денари | 16000 денари |

[2] Цените се базирани на податоци добиени од автобуските станици и приватните автобуски компании на 5 декември. Не преземаме одговорност доколку цените на автобуските билети се променат во меѓувреме.

| | | |
|---|---|---|
| Гевгелија – Скопје | 620 денари | / |

**Ваквите трошоци за превоз**, особено за секојдневните патници, претставуваат значителен товар на буџетот на студентите, со што им се намалува и пристапноста, и достапноста до високото образование. Многу студенти, особено оние од руралните средини или семејства со ниски приходи, се изложени на ризик од намалено учество во академскиот живот поради финансискиот товар на патните трошоци.

Цврство веруваме дека **младите се студенти само еднаш во животот** и за нив е клучно да добијат поддршка од Владата, универзитетите и институциите во овој формативен период. Таквата поддршка може да се обезбеди преку **субвенциониран превоз** или **стипендии**, со што студентите нема да бидат ограничени од финансиски бариери и ќе можат целосно да се посветат на своето образование и студентско искуство.

## 3. Функционалноста на Субвенционираниот студентски превоз (ССП)

**Субвенционираниот студентски превоз (ССП)** е наменета за редовни универзитетски студенти запишани на некоја од акредитираните високообразовни институции во Северна Македонија, кои студираат во град различен од местото на нивното постојано живеалиште. Овој критериум гарантира дека програмата е насочена кон поддршка на студентите кои редовно патуваат за да го остварат своето образование и имаат потреба од поволни опции за меѓуградски превоз.

За да аплицираат за ССП, студентите треба да посетат шалтер на најблиската автобуска станица. Потребно е да приложат важечки **индекс** и **потврда за редовен студент**, издадена од нивниот универзитет, како доказ за активен статус на запишување. Дополнително, студентите треба да пополнат едноставен образец со основни контакт-податоци, како што се име, телефонски број и е-адреса, за да го завршат процесот на аплицирање.

Откако доставените документи ќе бидат верификувани од службеник на автобуската станица, студентите можат да изберат дали да ја добијат својата ССП во физичка форма или како дигитална пропусница. Дигиталната пропусница е компатибилна со **Apple Wallet** и **Google Pay,** овозможувајќи им на студентите технолошки ориентирана и практична алтернатива за управување со нивната пропусница.

По добивањето на физичката картичка или дигиталната пропусница, студентите можат да ја активираат избраната опција за патување – **Билет за 10 патувања** или **Неограничена месечна карта** – со плаќање на потребниот износ за тековниот месец. Активацијата овозможува студентите веднаш да добијат пристап до поволен и практичен меѓуградски превоз на сите вклучени линии.

## 4. План за имплементација

| Чекор | Опис | Временска рамка | Институција |
|---|---|---|---|
| 1 | Формализирање на договори помеѓу **Министерството за транспорт и врски** и автобуските компании за учество во програмата за | Април 2025 | Министерство за транспорт и врски, автобуски компании |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Субвенциониран студетски превоз. Ова вклучува дефинирање на планот за субвенции, условите за соработка и поставување рамка за **јавно-приватно партнерство (ЈПП)** за да се осигура одржливоста на програмата. Ќе се утврдат ценовните модели, механизмите за надомест и универзалната прифатливост на ССП кај сите оператори. | | |
| 2 | Обезбедување одобрување за иницијативата за ССП од Владата и доделување на потребниот буџет за субвенции за превоз. Овој чекор вклучува соработка помеѓу **Министерството за образование и наука**, **Владата** и **Министерството за транспорт и врски** за финализирање на финансиските обврски и интегрирање на иницијативата во државниот буџет. | Мај - Јуни 2025 | Министерство за транспорт и врски, автобуски компании и Министерство за образование и наука |
| 3 | Финализирање на дизајнот и процесот за издавање на физички картички и дигитални | Јуни 2025 | Министерство за транспорт и врски, автобуски |

FECH
Forum for Educational Change

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пропусници (компатибилни со Apple Wallet и Google Pay). Обука на персоналот на автобуските компании за процедури за верификација на МПП. | | компании, Национално студентско тело и Универзитетски студентски собранија |
| 4 | Имплементација на програмата на клучни релации со висока студентска фреквенција (пр., Тетово-Скопје, Куманово-Скопје, Битола-Штип) за тестирање на функционалноста, собирање повратни информации и проценка на ефективноста на програмата. | Септември - Декември 2025 | Министерство за транспорт и врски, автобуски компании кои учествуваат во проектот, локални транспортни власти |
| 5 | Врз основа на резултатите од пилот-проектот, усовршување на системот и воведување на МПП низ целата земја и обезбедување еднаков пристап за студентите во сите општини до летниот семестар. | Јануари 2026 | Министерство за транспорт и врски, автобуски компании кои учествуваат во проектот, локални транспортни власти |
| 6 | Следење и евалуација на програмата. | континуирано | |

## 5. Заклучок

Имплементацијата на **Субвенциониран студентски превоз (ССП)** претставува стратешка инвестиција за младите во Северна Македонија, насочена кон подобрување на пристапот до образование и намалување на финансискиот товар за меѓуградски транспорт на универзитетските студенти. Со понуда на попусти во превозните тарифи, програмата не само што ги адресира непосредните финансиски предизвици со кои се соочуваат студентите, туку и ги поддржува пошироките национални цели за социјална инклузија, економски развој и одржлив јавен транспорт.

На економски план, ССП ќе го намали притисокот врз семејните буџети, ќе го поттикне развојот на квалификувана работна сила и ќе ја зајакне соработката помеѓу јавните институции и приватните транспортни оператори. На социјален план, со ССП ќе се премости разликата помеѓу урбаните центри и руралните области, со што сите можности ќе станат достапни за сите студенти, без разлика на нивната локација. На еколошки план, оваа иницијатива има за цел да ја намали зависноста од приватни возила, да ги намали емисиите и да промовира почисти и поодржливи градови.

Со годишна субвенција од 520 до 600 милиони денари (9–12 милиони евра), ССП е економски ефективно решение кое ги зајакнува студентите и поттикнува градење на општество со повеќе инклузија, поврзаност и еколошка свест.